Врз основа на член 40 став 7 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019) министерот за образование и наука донесе

# УПАТСТВО
## за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија

**Вовед**

Современиот начин на живот за сè поголем број родители ја наметнува потребата за грижа за детето пред и по завршување на редовните часови. Кога детето е само во домот често е изложено на многу опасности, а стравот и загриженоста на родителите на детето во текот на работниот ден ја наметнуваат потребата за организирана грижа за децата. Училиштата како примарни воспитно-образовни институции, на тој начин, добиваат нова и посложена улога која бара организирано згрижување и воспитно-образовно делување врз децата во текот на целиот ден. Од друга страна, учениците го перцепираат училиштето како свој втор дом, а не само како место за стекнување знаења. Продолжената секојдневна работа во основното училиште, пред или по завршување на редовните часови – продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија е еден од моделите кој може успешно и систематски да ги реши овие проблеми, особено во урбаните средини. Новата улога на училиштето на овој начин, ќе биде максимално искористена, бидејќи обезбедува безброј можности за дејствување со цел правилно да расте и да се развива секое дете во квалитетна личност, во полза на семејството, пошироката заедница и општеството во целина.

Продолжениот престој претставува организација на работа во која учениците, покрај учењето, ќе се чувствуваат слободни да се дружат и играат со своите другари, да творат, да се рекреираат и забавуваат.

Упатството е работено врз основа на добрите практики во нашата држава и позитивните искуства на образовните системи од европските земји, со цел да им помогне на наставниците при планирањето и реализирањето на продолжениот престој на учениците од различни паралелки и различни одделенија

.

Во ова Упатство се елаборираат прашањата во однос на  потребата од организирање на продолжен престој, законската поставеност, стручните основи, целите, посебните услови за организација на продолжениот престој на ученици од од различни паралеки и одделенија, организацијата и реализацијата на продолжениот престој,  соработката со родителите и соработката со вработените во училиштето, институциите во градот и локалната самоуправа.

**Законска поставеност**

Во Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019) во член 40 став 7 одредено е дека во основното образование се реализира и проширена програма односно настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија.

**Клучни аспекти**

Организирањето на продолжен престој за учениците има своја поткрепа и во однос на повеќе аспекти: педагошки, психолошки, социјален и здравствен.

Во однос на *педагошкиот аспект* се издвојуваат повеќе аргументи, а особено тој дека со вообичаената организација на редовните часови во текот на денот за учениците кои имаат потреба од стручна помош за усвојување на одредени содржини во наставата и учењето не можат да се постигнат посакуваните резултати. Освен тоа, голем број од родителите на учениците не можат или немаат време да им пружат соодветна помош и поддршка во учењето. Со продолжениот престој постојат повеќе можности да се надминуваат овие потешкотии. Исто така, се создаваат повеќе можности да се планираат додатни активности и со учениците кои постигнуваат повисоки резултати во учењето. Учениците имаат можности во училиштето да учат, да ги исполнат училишните обврски, повеќе да се дружат со своите врсници низ учество во различни активности по сопствен избор и воннаставни активности.

*Психолошкиот аспект* се однесува на тоа дека со рамномерното заменување на работата и одморот се намалува напнатоста и учниците се опуштаат во текот на денот, како пократок временски интервал и седмицата, како подолг временски период.

Во однос на *социјалниот аспект* се издвојува тоа што во новите општествено – економски услови често родителите поминуваат помалку време со своите деца

поради изменетото работно време и затоа училиштето презема соодветни мерки за поддршка во воспитувањето на децата. Всушност, овде станува збор за организирање продолжен престој на учениците во училиштето според потребите на родителите и учениците. Учениците кои се вклучени во продолжен престој се посамостојни - побрзо учат сами да се грижат за себе, посамостојно се подготвуваат за секој час, учат да споделуваат работи со другите деца, имаат можност да си помагаат меѓусебно во учењето, да се дружат и играат заедно со други деца, развивајќи социјални вештини, полесно се одвива процесот на социјализација и комуникација, го запознаваат и вежбаат позитивното однесување, усвојуваат практични знаења за секојдневните животни должности.. По исполнувањето на училишните обврски на учениците им останува повеќе време во попладневните часови да се дружат со своите врсници од соседството и со родителите/старателите.

Во непосредна коорелација со социјалните се и *здравствените* потреби на децата. Поради ритамот на животот во современото општество, некои родители/старатели не се во можност да обезбедат поволен број на активности во текот на денот, особено доволно одмор и престој на свеж воздух. Од овие причини многу често децата кои не се вклучени во продолжен престој во училиштето се препуштени сами на себе. Сами се снаоѓаат во однос на исхраната, сами го определуваат режимот и динамиката на активностите и најчесто остануваат многу часови осамени во својот дом. Учениците вклучени во продолжен престој побрзо развиваат културно-хигиенски навики, секојдневно поминуваат доволно време надвор во движење и игра, што е од огромна важност за нивниот правилен раст и развој.

**Цели**

Целите на продолжен престој се на ученикот/ученичката да:

- се овозможи живот што е исполнет со различни содржини што поволно ќе влијаат врз развојот на неговата/нејзината личност, како и индивидуалните потенцијали;
- се обезбеди да стекнува знаења, развива вештини и формира ставови, во согласност со целите во наставните програми и неговите/нејзините индивидуални интереси;
- се овозможува развој и унапредување на социјалните вештини, преку постојани социјални интеракции со соучениците;
- се обезбедуваат услови за самостојна и конструктивна активност и творештво;
- се развива самодовербата и свеста за одговорност за своите постапки;

- се овозможи да бара и дава помош во учењето со соучениците;
- се создаваат услови да се оспособува за осамостојување во работата;
- се овозможи да се оспособува за изработка на домашни задачи и самостојно да го проверува изработеното и наученото;
- се создаваат услови да развива правилен однос кон функцијата на ентериерот во просторијата и негово правилно користење, како и да развива правилен однос кон општествениот имот во училиштето и надвор од него;
- се овозможи да развива навики за ред, дисциплина и хигиена;
- се овозможи да развива свест за потреба од другарство, да ја јакне дружељубивоста и здравите меѓусебни односи со соучениците;
- се развива способност за проценување на добри и лоши постапки, да зајакнува чувството за правичност и подготвеност да му се помогне на другарот во неволја;
- се обезбедуваат услови да ги почитува правилата на однесување донесени од сите ученици во паралелката;
- се создаваат услови да стекнува навика за уредно и точно извршување на добиените задачи;
- се овозможи да развива способност за тимска работа и работа во група;
- се создаваат услови да се подготвува за натамошно образование и доживотно учење.

**Потребни услови за организирање на продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија**

Програмата за воспитно-образовна работа во продолжен престој најчесто се реализира во една од училниците за одделенска настава или посебно организиран простор само за продолжен престој со ученици од различни паралелки и одделенија.











Опремата и наставните средства во училницата треба да бидат во согласност со постојниот документ „Норматив за простор, опрема, и наставни средства за I, II, III, IV, V и VI одделение за основните училишта во Република Македонија“, донесен во 2008 година. Училницата треба да биде збогатена со продукти на човековиот труд и творештво, како и со објекти од природата, кои се распоредени со вкус и чувство за мерка и чиишто развојно-поттикнувачки, естетски, етички и сознајни квалитети се нагласени и животно осмислени. Во таква стимулативна средина ученикот/ученичката ќе има слобода на движење и акција, ќе се спознава себеси и другите луѓе, предметите околу себе, ќе решава различни проблемски ситуации, ќе гради модели на однесување, ќе се прилагодува на средината, но и ќе внесува промени во неа. Подвижната опрема овозможува лесно да се реорганизира просторот, согласно зацртаните цели и потребите на учениците.

При организирањето на просторот се води сметка за следните принципи:

- холистички приод (детето светот го сфаќа како целина и затоа содржините се реализираат интегрирано до онаа мера која овозможува осмислување на подолготрајни, целовити активности);
- сеопфатен развој (сите аспекти на развојот се сметаат за подеднакво важни и меѓусебно поврзани. Во учењето се внесуваат емоции и се учи низ социјални контакти);
- детето најчесто учи низ лично искуство;
- играта е клучна компонента во средината за учење (низ игра детето го развива дивергентното мислење, се поттикнуваат и развиваат социјалните и физичките вештини и способности);
- за ученикот/ученичката секој простор е извор за учење;
- детето треба да се чувствува почитувано, да ја развива самодовербата и да ја почитува секоја личност;
- условите во кои се учи треба да бидат прилагодени и пристапни за секој ученик/ученичка;
- разновидноста на ситуациите при учењето е многу важна.







Дидактичките материјали, структурираните и неструктурираните средства и материјали во катчињата во училницата треба да се разновидни, богати и соодветни на развојните потреби на учениците, да овозможуваат разновидни начини за употреба, како и можности за постапно усложнување на активностите кои се изведуваат со нив или со нивна помош. Често употребени во игрите, различните материјали стануваат играчки и имаат повеќенаменска улога во поттикнување и реализирање на активностите кои ефикасно го стимулираат развојот на учениците, што е особено важно за активностите во продолжениот престој. Средствата и материјалите треба да ги поттикнуваат учениците да бидат активни, да се изразуваат, да се усогласени со потребите на учениците да ја задоволат љубопитноста, да конструираат и реконструираат, да можат да се користат за индивидуални и за групни активности, да ги наведуваат учениците на интелектуални операции кои ги карактеризираат поразвиените облици на логичко - математичкото мислење, да овозможуваат различни начини на користење така што учениците постојано ќе можат да наоѓаат нови начини за нивна употреба и сл.

Многу е важно наставникот да обезбедува позитивна социо-емоционална клима во училницата, за таа да биде пријателска, сигурна, удобна и стимулативна, да јакне меѓусебната доверба помеѓу наставникот и учениците, како и довербата и соработката помеѓу учениците.

Планираните активности во продолжениот престој, секако, можат и треба да се реализираат и надвор од училиштето. Секојдневните подвижни игри и спортските активности ќе се изведуваат во училишниот двор и на блиските игралишта – кога временските услови тоа го овозможуваат. Во период на ниски температури тие ќе се изведуваат во фискултурната сала или во заедничкиот простор во училиштето, каде што може да се изведуваат активности од областа на музиката (пр. музика и движење и сл.), да се испробуваат точки за прослави и други креативни активности. Во училишниот двор учениците можат да учествуваат во активности од областа на природните науки, математиката (на пр. просторни релации и сл.). Дел од планираните активности за проширување на знаењата на учениците, стекнување на различни вештини и за задоволување на нивните интереси можат да се реализираат во институции надвор од училиштето (театар, музеј, библиотека и сл.).

**Организација и реализација на продолжениот престој**

Продолжениот престој се планира и организира за учениците од I до V одделение. Вообичаено, овој облик на работа се организира со ученици од исто одделение, а кога нема можности, односно ако нема доволен број ученици за формирање на паралелките за продолжен престој со ученици од исто одделение, во нив се вклучуваат ученици од различни одделенија и паралеки.

Во зависност од организацијата на наставата во основните училишта, наставата во продолжен престој за учениците од различните паралелки и одделенија се реализира пред или по редовните часови, а времето и организацијата на работата можат да бидат флексибилни. Работното време на наставникот кој работи во продолжен престој со ученици од различни паралелки и одделенија зависи од организацијата на смените во конкретното училиште.

При планирањето и организацијата на продолжениот престој за учениците од различни паралелки и одделенија треба да се земе предвид дека овој процес треба да се базира на индивидуализација и диференцијација. Целите, содржината, методите и формите на работа со учениците треба да произлезат од наставните програми за одделенијата од коишто се вклучените ученици во паралелката и секако, да се потпираат на различните потреби, интереси и способности на учениците, како почетна точка за планирање и обликување на активностите.

Планирањето на активностите во продолжениот престој со ученици од различни паралелки и одделенија го прави наставникот кој го реализира

продолженииот престој. Тој треба да соработува со другите одделенски наставници кои реализираат настава во паралелките од кадешто доаѓаат учениците, со цел да добие сознанија за стиловите на учење на учениците, нивните можности, потреби и интереси, потребата од индивидуализиран приод и сл.

Пред почетокот на наставната година наставникот изработува годишно планирање за продолжен престој со ученици од различни паралелки и одделенија во кое треба да ги дефинира целите на продолженииот престој, подрачјата на активностите поврзани со целите во наставните програми за одделенијата од коишто се вклучени учениците во паралелката, активностите што најчесто се рекреативни и забавни по природа, активности за поддршка на креативните способности на учениците, активности (глобално) што ќе бидат организирани по принципот на целосна слобода на избор на учениците, доброволност, самоорганизација на ученици во различни групи (што ќе бидат прецизирани во дневните планирања), соработката со другите наставници, соработката со родители, организациони форми на работа, методи на работа и средства и материјали за работа (општо). Пример на годишно планирање е даден во Прилог број 1.

Среднорочното планирање наставникот го изработува повеќе пати во текот на наставната година, тоа произлегува од годишното планирање и при тоа се планираат целите и активностите со учениците, средствата и материјалите за работа и формите на соработка со родителите за тој временски период.

При изработката на дневното планирање наставникот планира активности за давање поддршка на учениците за пишување на домашните задачи, учење и целосно постигнување на очекуваните резултати во настават, како и активности што се рекреативни и забавни, активности за поттикнување на креативните способности на учениците, активности и игри по избор на децата, активности што обезбедуваат движење на учениците и комуникација меѓу нив. При тоа, треба да се истакне дека половината од планираното време треба да се посвети на движење/спортување на децата и комуникацијата помеѓу нив. Од друга страна, при планирањето на активностите треба да се внимава учениците да не почувствуваат оптоварување во текот на денот. Распоредот на сите активности во текот на денот мора да се усогласи со планираните термини за додатна настава, дополнителна настава, планираните вонннаставни и вонучилишни активности.

При дневното планирање на активностите наставникот ќе ги има предвид можностите и потребите на учениците. Активностите за давање поддршка на

учениците за пишување на домашните задачи, учење и целосно постигнување на очекуваните резултати треба да се планираат секој ден, сите останати активности треба да бидат различни во различни денови, за да може да се одговори на потребите за поттикнување на моторичкиот, когнитивниот, социо-емоционалниот развој на учениците, да се поттикнуваат и поддржуваат: креативноста, дивергентното мислење, потребите и интересите на секој ученик/ученичката во паралелката. Наставникот, исто така, одбира различни активности во различните денови во неделата, за да им биде интересно на учениците продолжениот престој, со што тие дополнително ќе бидат мотивирани да земаат учество во планираните активности.

Дневното планирање наставникот го изработува секој ден и истото треба да содржи: цели, дневен распоред на активностите, место каде ќе се изведуваат активностите, средства и материјали за нивна реализација и начин на нивното следење. Во дневниот распоред на активностите наставникот ги запишува планираните активности, како и редоследот и планираното време за активностите (во колку часот започнуваат и колкаво е нивното времетраење). Пример на дневен распоред на активности е даден бо Прилог број 2.

. Во рамките на продолжениот престој наставникот определува време за самостојната работа на учениците кога тие ги пишуват нивните домашни и ги извршуваат другите добиени задачи. Преку самостојната работа учениците ги идентификуваат, продлабочуваат, стекнуваат и применуваат новите знаења, вештини и навики, на организиран и планиран начин и со стручно-педагошка помош и соработка со наставникот. При решавањето на добиените работни задачи учениците добиваат методички упатства од наставникот во продолжениот престој. Само на тој начин учениците ќе имаат основни разбирања за она што треба да го направат - да научат, како и на кој начин можат да го постигнат тоа и како треба да направат проверка и вреднување на сработеното. Ова подразбира јасност на целите на когнитивно-практичните активности, ориентационен план, презентација на планот за реализација, достапност на основните извори на сознанија, обем и квалитет на разработка на задачите, важноста на она што се изучува и можноста за примена во понатамошното учење и живот. Наставникот треба да одлучи какви инструкции и кои предлози ќе им понуди на секој ученик/ученичка поединечно. Давањето инструкции на учениците за решавање домашни и други задачи вклучува висок степен на индивидуализација и диференцијација. Задачите завршени во самостојната работа се анализираат заедно со ученикот, корегираат и вреднуваат, но не се оценуваат. Учениците треба активно да учествуваат во процесот на евалуација на сопствената

работа, со цел што е можно повеќе самостојно да ги идентификуваат квалитетите на нивната работа, причините и видот на грешките и празнините во знаењето што го покажале. При тоа е многу важна компетенцијата на наставниците да ги анализираат сознанијата до кои дошле учениците, да ги споделуваат и заедно во тандем да го изберат најдобриот пат за квалитетна работа и делување .

По завршување на домашните задачи, наставникот ги вклучува учениците во други планирани активности, како што се на пример: читање на списанија за деца, користење лексикони, енциклопедии, како и користење современи електронски и мултимедијални помагала за настава како извор на информации и изведување различна практична работа, работа на проекти и сл.

При реализирањето на активностите наставникот применува најчесто метода на игра и хеуристичка метода, метода на истражување, метода на практична работа и сл., од организационите форми на работа - индивидуална работа, работа во парови, работа во групи, а треба да користи различни наставни средства, наставни ливчиња, прибор за работа, различен вид на литература (енциклопедии, прирачници и друга избрана литература), играчки и многу други нестандардизирани средства и материјали.

Наставникот треба да создава пријатна атмосфера за реализација на активностите, да дава помош и дополнителни објаснувања на учениците, да ги мотивира и поттикнува учениците за размислување и решавање на одредени проблемски ситуации, да посочува извори на знаење, да го поддржува развојот на креативноста, да потикнува интеграција, договор и соработка меѓу учениците, да ги мотивира за меѓусебна помош во учењето, да го проверува знаењето и да го следи напредувањето на учениците.

При организацијата на работата голема важност треба да се даде на физичкиот развој на учениците, развојот на моторичките вештини и координацијата на целиот локомоторен систем, со воведување широк спектар на подвижни активности. Многу е важно да се нагласи дека сè почесто се јавува потребата систематски да се воведат превентивни вежби против појава и развој на телесни деформитети кај учениците.

Активностите на учениците во продолжен престој можат да бидат и рекреативни и забавни, уметнички и спортски и организирани по принципот на целосна слобода на избор, доброволност, самоорганизација на ученици во различни

групи, за да се овозможи учениците да создаваат, откриваат, презентираат, вежбаат, мерат, изразуваат со зборови, звуци, движења, бои и друго.

Рекреативните активности се организираат на таков начин што учениците поминуваат време и ги задоволуваат своите интереси на креативен и забавен начин, а притоа наизменично прават паузи и се одмараат. Тие можат да се организираат во училницата и надвор од неа, доколку училиштето може да го обезбеди тоа. Повеќе разновидни активности можат да се организираат истовремено во различни групи ученици, според нивниот афинитет.

Рекреативните активности можат да вклучуваат:

- спортски активности - можат да се реализираат во фискултурна сала, училишниот двор и парковите во близина на училиштето, лесна гимнастика (вежби за загревање и раздвижување), мал фудбал, ракомет, пинг-понг, кратки излети во блиската околина, игри за развивање на моториката, штафетни игри, организирање на натпревари, ритмички и народни игри и танци, игри на снег скокање и лизгање, при што можат да се организираат и спортски натпревари и сл.;

- дружење во рамките на училницата согласно интересите на учениците, може да се спроведе во училницата, дворот на училиштата, парковите во близина на училиштето.

Освен овие активности можат да се организираат и реализираат:

- креативни работилници од различни области: музика (на пр. учениците можат да подготвуваат кореографии на одбрана музика и со да земаат учество во училишните приредби), ликовна уметност (на пр. изработка на плакати, паноа, албуми, маски за маскенбал исл.), литературни активности (пишување текст за драматизација и сл.), училиштен весник, рецитирање, негување народни традиции и друго, во согласност со личниот интерес и специфичните способности на учениците;

-музички активности: пеење, свирење на различни детски музички инструменти, слушање музика (ора, танци и др.);

- социјални активности - играње домино, шах, решавање загатки, монопол, „не лути се човеку", карти, решавање на крстозбори, ребуси одбележување поважни настани, социјални игри за опуштање, за надминување на разочарувања, решавање на конфликтни ситуации, подготовка и учество во прослави и сл.);

- активности од областа на културата - наставникот планира посети на различни институции од областа на културата (театри, музеи, кина, библиотеки), историски места, посети на изложби  и слично, во согласност со можностите што ги дава локалната заедница;

- учество во хуманитарни активности;

- учество во активности во непосредната локална средина средина (еколошки акции и сл.);

- подготовка на културни и уметнички програми;

- уредување на училницата во согласност со можностите и желбите на учениците;

- одбележување празници и тематски денови (пр. Ден на училиштето, Детска недела и сл.);

- други активности во согласност со интересите на учениците (на пр. проект на група деца на тема што самите ја предложиле и сл.).

Во текот на продолжениот престој во училиштето треба да се обезбеди доволно простор и време за да се организира и игра, слободна или дидактички осмислена. Учениците треба да се слободни при изборот на содржини и соученици со кои сакаат да играат.

Елементите на колективното организирање се многу важни, со заеднички цели, со задачи што се значајни за сите членови на групата и се соодветни на возраста на учениците. Конфликтите што евентуално се појавуваат треба да се решат преку разговор, рационално, анализирајќи ги сите аспекти на конфликтот, а не со занемарување или со непридавање на важност (при тоа можат да се користат работилници од програмата „Образование за животни вештини“ и сл.)..

Со цел да се подобри физичкиот, интелектуалниот и емоционалниот развој на учениците и да се заштити нивното здравје, во продолжениот престој треба да се овозможи:

- педагошки и психолошки ритмички распоред на активностите при што се зема предвид комплексноста на содржината на програмата и потребата од наизменично користење на одмор и движење;

- обезбедување корелација во сите области на работа;

- дневно организирање на пауза со музика и спортски активности по речиси сите активности кога учениците се чувствуваат изморени;

- поттикнување на учениците да се самоорганизираат, самопослужуваат и самопроверуваат.

Во продолжениот престој наставникот се грижи за: воспитанието и образованието на учениците, презема превентивни мерки за зачувување на здравјето на учениците, им помага на учениците во учењето, ги поттикнува да работат самостојно и да стекнуваат работни навики, да развиваат социјални и комуникациски вештини. Тој го следи и вреднува квалитетот на работата, соработува со другите наставници, соработува родителите, со локалната заедница, со институциите од областа на културата, како и со сите други релевантни институции кои индиректно или директно се вклучени во работата на училиштето.

Училиштето во рамките на продолжениот престој на учениците од различни паралелки и одделенија според потребите на децата ги организира оброците на учениците. Организацијата на исхраната, изборот на намирниците и начин на подготовка, особено опремата, треба да придонесе за развој на културно- хигиенски навики кај учениците - одржување хигиена, правилно однесување на маса, правилна употреба на приборот за јадење, земање храна, враќање на приборот за исхрана и др. Препорачливо е начинот на исхрана да го организира училиштето во соработка со советот на родители, бидејќи тие се најмногу заинтересирани за тоа.

Учениците до заминувањето дома или пред започнување на наставата, ги завршуваат сите свои училишни обврски, а распоредот треба да се прави така да учениците не почуствуваат големо оптоварување во текот на денот.

Во согласност со целите на учењето и развојните можности на ученикот/ученичката се препорачува често менување на стратегиите, методите и формите на работа, со цел учениците на лесен и интересен начин да ги совладуваат потребните знаења и да ги развиваат своите вештини и способности.

За време на продолжениот престој учениците, по потреба, учествуваат во организираната дополнителна, додатна настава и во некоја од планираните воннаставни актиности, а за останатите ученици наставникот ги реализира планираните активности.

Во текот на овие активности учениците се под надзор на наставникот, а активностите и изработените трудови не се оценуваат.

Учениците кои посетуваат продолжен престој не треба да добиваат дополнителни домашни задачи.

Наставниците ги евидентираат реализираните активности од продолжен престој (кратко наведување на активностите и потпис на наставникот) во колоната наменета за евиденција на продолжениот престој во Дневникот на паралелката (од онаа паралелка од која има најмногу ученици во продолжениот престој).

**Соработка со родителите/старателите**

Наставниците треба да соработуваат со родителите/старателите применувајќи при тоа различни форми на соработка. Така, на почетокот на наставната година, по запознавањето со годишната програма за работа можат да ги повикаат родителите/стартелите, по свој избор, да се вклучат во реализација на некои активности во продолжениот престој (на пр. да учествуваат во спортски активности, креативни работилници, музички активности, посета на театар и сл.). Секако, родителите/старателите можат да се вклучуваат непосредно во активностите во продолжен престој во текот на целата наставна година. Наставниците, исто така, треба навремено да ги информираат родителите/старателите на учениците за активностите во рамките на продолжен престој што ќе ги реализираат надвор од училиштето и да побараат согласност од нив.

Обврска на наставниците е навремено да ги информираат родителите/старателите за постигањата и напредувањето на нивните деца во различните активности во продолжениот престој. Во индивидуалните пријателски разговори со родителите/старателите наставниците ќе ги известуваат за тоа како нивните деца реагираат при вежбите во врска со наставните содржини, колку се подготвени да помогнат и како прифаќаат помош во активностите со другите деца, како се однесуваат во заедничките игри и сл. На крајот на секој ден на Родителското пано,поставено пред училницата, наставниците ќе ги постават творбите што учениците ги изработиле тој ден во рамките на продолжениот престој (на пр, текстови, слики, решенија на проблемски ситуации, скици и сл.).

Најмалку два пати во годината наставниците ќе ги повикуваат родителите/старателите во училиштето со цел да бидат презентирани резултатите од активностите во продолжениот престој (на пр. изложба на ликовни творби што се резултат на креативни работилници, концерти со музички точки изведени од учениците, драматизации на текст и сценографија осмислени од самите ученици, проектни презентации и сл.)

## Соработка со вработените во училиштето, институции во градот и локалната самоуправа

Наставниците кои го реализираат продолжениот престој на ученици од различни одделенија и паралелки треба постојано да соработуваат со наставниците кои реализираат настава во паралелките од кои се вклучуваат учениците во продолжениот престој, со цел да добие сознанија за стиловите на учење на учениците и нивните можности, потреби и интереси. Од друга страна, наставникот кој ги реализира активностите во продолжениот престој треба, исто така, да ги информира другите наставници за постигнатите резултати на учениците во активностите поврзани со наставата и согледувањата од реализацијата на другите активности во продолжениот престој.

Наставниците кои го реализираат продолжениот престој на ученици од различни одделенија и паралелки треба да соработуваат со директорот и претставниците на стручната служба во училиштето, пред сè во однос на изработката на своето Годишно планирање, заради усогласување со планираните термини за додатна настава, дополнителна настава, воннаставни активности, излети и екскурзии во Годишната програма на конкретното основно училиште.

Во текот на наставната година наставниците можат да побараат совети за планирање, начин на реализација, средства, методи и други стручни прашања за ефикасна реализација на некои активности во продолжениот престој од други наставници и стручната служба во самото училиште.

Наставниците треба да ги информираат директорот и претставниците на стручната служба во училиштето за реализацијата на продолжениот престој, за објективните проблеми и остварените резултати. Директорот, како педагошки раководител и педагогот, согласно Годишната програма за работа на училиштето и

согласно претходно утврдената динамика, треба да ги следат активностите во продолжениот престој.

Со цел да се организираат активности за проширување на знаењата на учениците, стекнување на различни вештини и за задоволување на нивните интереси, наставниците соработуваат со дел од вработените во институциите и здруженијата надвор од училиштето (на пр., во ДКЦ во Скопје, ателјеа, локалната самоуправа, домови на културата, занаетчиски работилници, театар, музеј, културно уметнички друштва, спортски сали, библиотеки и сл.). Во рамките на соработката утврдуваат термини за посета, потребни средства и материјали, времетраење на посетата, реализирање на заеднички активности, начин на комуникација со учениците, правилата на однесување на учениците и сл. За реализацијата на овие активности и постигнатите резултати наставниците ќе ги информираат родителите на учениците, стручната служба и директорот на училиштето.

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр.18-6567/1
6.7.2020 година
Скопје

Министер за образование и наука,
Dr.Arbër Ademi, с.р.

**Прилог број 1**

**ОУ______________________________________**

**Место____________________________________**

**Годишна програма за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија**
**за ученици од ___________________________________________ паралелки за учебната 20__ / 20__ година**

**Одделенски наставник**

______________________________________________

**Септември 20___ година**

## Глобални цели

Ученикот/ученичката да:

- се оспособува за изработка на домашни задачи и за самостојно проверување на изработеното и наученото во наставата;
- ги проширува своите знаења во рамките на различните наставни програми од различни одделенија, да развива вештини и формира ставови, во согласност со неговите/ нејзините индивидуални интереси;

- се доживува себе си како единствена и неповторлива личност и да развива самодоверба;
- се оспособува за осамостојување во работата;
- развива интерес за читање книги;
- стекнува навика за уредно и точно извршување на добиените задачи;
- учествува во донесување на правилата на однесување и да ги почитува правилата донесени од сите ученици во паралелката;
- развива свест за одговорност за своите постапки;
- ги задоволува и развива вештините и интересите за самостојна и конструктивна активност и творештво;
- ги развивај и унапредува социјалните вештини, со постојано учество во социјални интеракции;
- развива навики за ред, дисциплина и хигиена;
- развива свест за потреба од другарство, да ја јакне дружељубивоста и здравите меѓусебни односи со соучениците;
- развива способност за проценување на добри и лоши постапки, да зајакнува чувството за правичност и подготвеност да му се помогне на другарот во неволја;
- се мотивира да бара и дава помош во учењето со соучениците;
- се развива способност за тимска работа и работа во група;
- развива правилен однос кон функцијата на ентериерот во просторијата и негово правилно користење, како и да развива правилен однос кон општествениот имот во училиштето и надвор од него;
- се подготвува за натамошно образование и доживотно учење.

**Подрачја на активности поврзани со целите во наставните програми за________________________________________ одделенија**:

Активности во кои наставникот дополнително помага и објаснува за полесно и точно завршување на домашната задача, повторување и увежбување на ученото, продлабочување на веќе изучениот материјал кај учениците, подготовка на учениците за час. Се организира меѓусебна помош на учениците (подобрите им помагаат на послабите).

Јазично - комуникациско подрачје

Активности: експресивно читање и рецитирање; раскажување, опишување, известување, активности за збогатување на речникот; играње улоги и сценски изведби на драмски текстови по желба на учениците; читање детски списанија, следење дигитални сликовници, дополнителна литература; говорно творештво; запознавање со народното творештво, посета на библиотека .............................. (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

Природонаучно – математичко подрачје

Активности: математички игри, дигитални математички игри, креативни, логични активности за решавање на проблеми преку откривање, класифицирање, генерализирање, скицирање, пресметување и мерење; активности за примена на математичко знаење во различни ситуации и концепти; активности од областа на природните науки, решавање крстозбори, изработка на албуми за растенија или животни што живеат во нашите краишта, изработка книги од истражувачки активности, читање енциклопедии.............. (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

Здравствено-физичко подрачје

Активности: гимнастика (вежби за загревање и раздвижување), мал фудбал, ракомет, пинг-понг, кратки излети во блиската околина, игри за развивање на моториката штафетни игри, организирање на натпревари, ритмички и народни игри и танци, игри на снег; заштита на здравјето.............................. (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

Естетско-уметничко подрачје

Активности: пеење и свирење на различни детски инструменти; слушање народна и класична музика, играње народни ора, модерни танци; активности за осмислување музички кореографии; цртање илустрација на дадена тема, илустрирање на познат текст; изработка на албуми, посети на ликовни

изложби.............. (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој)

Општествено подрачје

Активности: посети на културни-историски споменици, следење на најважните настани во нашата држава; изработка на плакати, паноа, албуми; усвојување навики за културен однос во училиште, на улица; активности од областа на детските права и обврски; заштита во сообраќајот.......................... (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

Освен овие активности со учениците ќе се организираат и реализираат:

-Забавни и креативни работилници од ралични области: изработка на честитки за празници; ликовно искажување на настани од минатото, сегашноста и иднината; изработка на индивидуални и групни маски за маскенбал; обликување предмети од природни материјали, собирање сликички од животни, пополнување албуми со....................... (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

-Социјални игри и активности: (играње домино, шах, монопол, „не лути се човеку", карти, социјални игри за опуштање, социјални игри за надминување на разочарувања, решавање на конфликтни ситуации................................ (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

-Организирање и учество во хуманитарни и други акции (пр. собирање книги, собирање пластична амбалажа ............................... (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

-Подготовка за учество во училишни приредби и прослави, одбележување празници (пр. Ден на училиштето, Детска недела...)............ (да се измени или дополни од

страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

-Учество во активности во непосредната локална средина (пр. Цветно дефиле................. (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

-Уредување на училницата во согласност со можностите и желбите на учениците; уредување на училишниот хол; грижа за цвеќињата..... ............................ (да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија се учениците во продолжениот престој).

- Други активности на предлог од учениците, во согласност со нивните интереси (на пр. проект на група деца на тема што самите ја предложиле и сл...........)........... .(да се измени или дополни од страна на наставникот зависно од кои одделенија и паралелки се учениците во продолжениот престој).

-Активности за дружење и игри по избор на самите ученици.

Учениците ќе учествуваат во воннаставни активности организирани во училиштето, согласно своите интереси, во планираниот период.

Учениците ќе учествуваат во дополнителната настава, во планираниот период во текот на неделата, согласно потребите утврдени од одделенскиот наставник.

Учениците, согласно своите интереси ќе учествуваат во додатната настава планирана од одделенскиот наставник, во утврдениот период во текот на неделата.

**Соработка со другите наставниции**

Чести средби со одделенските наставници кои реализираат настава во паралелките од кои доаѓаат учениците во паралелката заради запознавање на можностите, потребите и интересите на секој ученик/ученичка, стиловите на учење, здравствената состојба на учениците, потребата од индивидуализиран приод и сл.

**Соработка со родителите/старателите**

-Индивидуални средби со родителите/старателите на учениците во текот на наставната година.

При овие средби родителите ќе се запознаваат со реализираните активности, вложениот напор и самостојноста во изработката на домашните задачи, усвоените знаења и стекнатите вештини, напредувањето на нивните деца во различните активности во продолжениот престој, колку се подготвени да помогнат и како прифаќаат помош во активностите со другите деца, како се однесуваат во заедничките игри и активности, поведението и сл.

-Родителски средби

На почетокот на учебната година, во првата недела од септември ќе се организира родителска средба со родителите/старателите на учениците од паралелката со цел да се запознаат со временскиот распоред на активностите, работата и обврските на учениците.

По потреба ќе бидат организирани и други родителски средби......

(да се измени или дополни од страна на наставникот)

## Организациони форми на работа

Планираните активности во текот на годината ќе се реализираат преку следниве организациони форми на работа............... .(да се дополни од страна на наставникот)

## Методи на работа

Во настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија ќе се користат следниве методи: метод на игра.... .(да се дополни од страна на наставникот)

## Средства и материјали за работа

Во текот на годината ќе се користат: АВ средства, дидактички средства иматеријали согласно целите во наставните програми, играчки иразлични природни и нестандардизирани материјали.

# Прилог број 2

## Дневен распоред а активностите – прва смена

| Активности | Време за реализација | |
|---|---|---|
| Доаѓање на учениците во продолжен престој | | |
| Игри за раздвижување (утринска гимнастика, корективна гимнастика и сл.) | 07:30 | 08:00 |
| Подготовка за појадок и појадок | 08:00 | 08:45 |
| Активности во врска со наставата (на пр. пишување домашни, повторување, појаснување, примена на наученото и сл.) | 08:45 | 09:30 |
| Моторички активности (на пр.вежби за растегнување, скокање, правилно дишење) | 09:30 | 09:45 |
| Активности во врска со наставата (на пр. појаснување, повторување, примена на наученото, презентации, дидактички игри) | 09:45 | 10:30 |
| Креативни активности (на пр. осмислување на кореографија за ритмичка игра, или подготовка за ликовна изложба, или подготовка на точки за приредба) | 10:30 | 11:10 |
| Дополнителна настава за некои ученици или додатна настава за некои ученици, а за останатите ученици активности по сопствен избор) | 11:10 | 12:00 |
| Подготовка за ручек и ручек | 12:00 | 12:45 |
| Подвижни игри во училишен двор | 12:45 | 13:00 |
| Почеток на редовната настава | 13:30 | |

## Дневен распоред а активностите – втора смена

| Активности | Време за реализација | |
|---|---|---|
| Дополнителна настава за некои ученици или додатна настава за некои ученици, а за останатите ученици активности по сопствен избор) | 11:30 | 12:10 |
| Подготовка за ручек и ручек | 12:10 | 13:00 |
| Игри во училишниот двор или заедничка вежбална, спортска сала и сл | 13:00 | 13:40 |

| | | |
|---|---|---|
| Активности во врска со наставата (на пр. појаснување, примена на наученото, завршување на проекти, презентации, дидактички игри и...) | 13:40 | 15:00 |
| Игри за раздвижување, лесна гимнастика | 15:00 | 15:20 |
| Креативни активности (на пр. осмислување на кореографија за ритмичка игра, или подготовка за ликовна изложба, или подготовка на точки за приредба или игри во др.) | 15:20 | 16:00 |
| Социјални активности (на пр. игри со домино, „не се лути човеку“ и слично) | 16:00 | 16:30 |
| Заминување од училиште | 16:30 (17,00) | |